**20250801748**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 160 став (5) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/22, 208/24 и 59/25), министерот за финансии донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА НАЛОГОТ ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР ОД СТРАНА НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на налогот за вршење надзор од страна на Управата за финансиско разузнавање.

Член 2

(1) Налогот за вршење надзор од страна на Управата за финансиско разузнавање се печати на образец на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на налогот за вршење надзор од страна на Управата за финансиско разузнавање се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на налогот за вршење надзор од страна на Управата за финансиско разузнавање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 243/18).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-2405/6
15 април 2025 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

Прилог

Број ______________
Датум ____________

Врз основа на член 81 став (6) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) директорот на Управата за финансиско разузнавање донесе

**Н А Л О Г**
**за вршење надзор**

Да се изврши ________________________________________ надзор над
(теренски-редовен, вонреден или контролен)
субјектот
________________________________________________________________________________
(назив на субјектот)
со седиште на
________________________________________________________________________________.
(седиште на субјектот)

Предмет на надзорот е___________________________________________________.
Периодот на надзорот е од_______________до _________________________ година.
Датум на започнување на надзорот (ден, месец и година) _____________________.
Место на извршување на надзорот: __________________________________________.
Име и презиме на финансискиот/ите разузнавач/и кој/и го врши/ат надзорот:_______________________________________________________________.

Надзорот се спроведува __________ (со/без) претходно известување на субјектот.

**Примил**

**Одговорно лице/претставник на субјектот**

________________________

**(потпис и датум на прием)**
**М.П.**

**Директор на Управата за финансиско разузнавање**

___________________________

**(потпис)**
**М.П.**